# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Скопје, март 2018 година

Комора на Република Македонија за приватно обезбедување - Скопје
Примено: 30.03.2018
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
03-272/1

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

# ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Бр. 131-27697/1
30.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

Склучен на 29.03.2018, во Скопје, помеѓу:

1. **Министерството за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев“ бр.9, Скопје, претставувано од министерот за внатрешни работи г-дин Оливер Спасовски**

**и**

2. **Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, претставувано од претседателот м-р Верица Милеска Стефановска.**

**(онаму каде во текстот се споменуваат заедно: Договорни страни)**

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон,

Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за следење на состојбите во областа на приватното обезбедување и предлагање мерки во насока на подобрување на условите,

Согласно позитивното законодавство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, се согласија за следното:

## Предмет на соработка
## Член 1

Меѓусебната соработка се однесува на утврдување на постапки и размена на информации релевантни за заштита на луѓето и имотот, со цел заштита на јавниот ред и мир, јавната безбедност, клиенти (корисници на услуги), трети лица и припадници на приватното обезбедување, како и размена на податоци и информации во врска со кривични дела и прекршоци директно поврзани со приватното обезбедување.

## Член 2

При спроведување на соработката предвидена со овој меморандум, Договорните страни ќе постапуваат согласно законските прописи од областа на заштитата и безбедноста на личните податоци и класифицираните информации.

**Начин на остварување на соработката**
**Член 3**

Договорните страни се согласни меѓусебно да соработуваат во разни области од заеднички интерес, при што соработката ќе се заснова на:

1. Размена на статистички податоци и информации за нови форми и појави на криминално однесување, начини за заштита на луѓето и имотот, криминални појави при обезбедување и заштита и други околности кои влијаат на ефикасноста на системот за безбедност и при спроведување на безбедносни операции, со взаемна помош;

2. Дефинирање на начин на размена на податоци за изречени мерки и казни за лица кои не постапуваат во согласност со Законот за приватно обезбедување, односно лица кои го спречуваат спроведувањето на работењето на припадниците на приватното обезбедување;

3. Организирање на средби или специјализирани обуки, во зависност од актуелни безбедносни прашања, заради размена на позитивни искуства и најдобри практики, отстранување на утврдени недостатоци, а со цел подобрување на ефикасноста на безбедносниот систем;

4. Дефинирање на начин на постапување, евидентирање и предавање на полицијата записи од системи за видео надзор, под услови пропишани со закон;

5. Размена на свои или странски искуства и добра пракса во делот на транспорт на пари и други вредносни пратки, како и размена на статистички податоци и информации за напади и криминални дејствија врз возилата и вршителите на транспорт на пари и други вредносни пратки, во согласност со прописите кои ја уредуваат таа проблематика;

6. Размена на податоци и информации од свои или странски искуства и добра пракса во делот на заштитата на објектите од витално значење, односно заштита на критичната инфраструктура;

7. Размена на податоци и информации од свои или странски искуства и добра пракса во делот на обезбедување на јавните собири;

8. Дефинирање на начинот на размена на податоци кои полицијата треба да ги обезбеди за потребите на имателите на дозволи за приватно обезбедување, односно податоци кои се однесуваат на прекршоци и кривични дела од други обезбедувани настани, согласно прописите кои ја уредуваат таа проблематика;

9. Дефинирање на начинот на непосредно информирање на имателот на дозвола за приватно обезбедување во врска со задачите на безбедносните настани во кои учествува.

**Решавање на спорови**
**Член 4**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум ќе се решаваат спогодбено помеѓу Министерството за внатрешни работи и Комората на Република Македонија за приватно обезбедување.

**Важење, изменување, дополнување и раскинување**
**Член 5**

Овој меморандум се склучува на неопределено време.

Измени и дополнувања на овој меморандум се вршат со писмена согласност на двете Договорни страни, во форма на анекси кои ќе бидат составен дел на меморандумот.

Во случај на раскинување на Меморандумот, Договорната страна која го раскинува Меморандумот, по писмен пат за раскинувањето, ја информира другата Договорна страна. Меморандумот ќе се смета дека е раскинат по истекот на 30 дена од денот кога е добиена писмената информација за раскинувањето.

**Дополнителни Протоколи и Договори**
**Член 6**

Соработката од членот 3 на овој меморандум ќе се остварува согласно склучени Протоколи и Договори, кои дополнително ќе се склучат за спроведување на одредбите на меморандумот.

**Завршни одредби**
**Член 7**

Овој меморандум е составен во четири истоветни примероци, од кои по два за секоја Договорна страна.

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете Договорни страни.

**Министерство за внатрешни работи**
**Министер**
**Оливер Спасовски**

**Комора на Република Македонија за приватно обезбедување**
**Претседател**
**м-р Верица Милеска Стефановска**